ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 4/23



03.02.2023 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор на соработник во соработничко звање асистент од областа ОРАЛНА ХИРУРГИЈА (30408-Фраскатиева класификација) на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје**

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер" на ден 27.10.2022 година, за избор на соработник во соработничко звање асистент од областа „Орална хирургија" (30408 - Фраскатиева класификација), наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, на 175-та седница одржана на ден 21.11.2022 година, донесе Одлука бр.02-1302/1 за формирање Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Енис Рецеп - претседател;
- проф. д-р Даниела Велеска Стефковска -член;
- доц. д-р Ана Белазелковска Грежловска-член.

По направената анализа на доставените документи Рецензентската комисија има чест и задоволство до наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје да го поднесе следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање асистент од областа „Орална хирургија" (30408 - Фраскатиева класификација) на Факултетот за дентална медицина, во предвидениот рок се пријави само кандидат Јордан Ѓурчески.

Врз основа на доставената Пријава бр.03-1215/1 од 31.10.2022 година и приложените документи: Професионална биографија – CV, Уверение за завршен прв и втор циклус интегрирани студии, Доказ за стекнат назив магистер од соодветната област, Доказ за познавање на странски јазик и Уверение за државјанство, Рецензионата комисија го констатира следното:

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Јордан Ѓурчески е роден на ден 08.03.1986 година во Битола. Средното образование го завршува во ДСМУ „Д-р Јован Калаузи" Битола, на насока: Забен техничар. Во 2004 година се запишува на додипломски студии на Стоматолошкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во Мај 2019 година се запишува на Специјализација од областа на Орална хирургија на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св.

Пантелејмон" Скопје. Во 2021 година го продолжува своето образование со запишување на Школа за докторски студии при УКИМ, на Стоматолошкиот факултет, на модул Орална и максилофацијална хирургија.

Јордан Ѓурчески почнувајќи од Септември 2004 година па се до денес учествувал на студентски конгреси за време на студиите, како и на годишни стоматолошки конгреси и симпозиуми. Од Септември 2009 - Јуни 2010 година стажира на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" Скопје.

Своето работно искуство го започнува во 2010 година со практична работа со пациенти во ПЗУ „Парадизо" во Кичево. Во Март 2011 година се вработува на Факултетот за стоматологија при Европски Универзитет-Република Македонија на работно место помлад асистент – соработник, каде одржува вежби по предметите Орална и максилофацијална хирургија, Реставративна одонтологија и Ендодонција.

Во Јануари 2011 година се вработува на ПЗУ-УСКЦ „ПРОФ. Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ" Скопје на работно место Доктор по стоматологија.

## 2. ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

1. Gjurceski J., Popovik-Monevska D.; Understanding the role of general dentists in the process of screening and early diagnosis of oral premalignant and malignant lesions - Brief literature review-; Macedonian Journal of Medical Sciences - Decision on Manuscript ID MJMS-2012-0337.R1;

2. M. Popovska, B. Stavrova, A. Atanasovska-Stojanovska, P. Misevska, S. Strezovska, L. Kanurkova, J. Gjurcheski; Clinical Oral Manifestation in Gastrointestinal Disorders; Balkan Journal Of Stomatology, ISSN 1107 – 1141; Balk J Stom, 2011; 15:41-47;

3. Popovska M., Petrovski M., Atanasovska-Stojanovska A., Antovska Z., Gjurceski J.; Oral findings in anaemia; Balkan Journal of Stomatology ISSN 1107-1141; Balk J Stom, 2010; 14:145-148;

4. Popovska M., Petrovska M., Gjurceski J, Matovska K., Kotevska V., Zisovska E.; Oral flora and the newborn; Macedonian dental review 1011-107; Faculty of Dentistry 2009;

5. Popovska M., Gjurceski J., Matovska K., Micevska M., Iliev V.; HPV virus and our mouth; Contemporary achievements 35-41; Faculty of Dentistry; Skopje, 2009.

## 3. СТРУЧНИ АКТИВНОСТИ

- Kovacevska I., Gjurceski J., Matovska K., Petrushevska G.; Evaluation of the non carious lesions of teeth (poster presentation); 5th Dental congress in Macedonia with international contribution; Ohrid 2009;
- Popovska M., Petrovski M, Atanasovska-Stojanovska A., Antovska Z., Gjurceski J. Oral findings in anemias(poster presentation) ; 15th Congres of Balkan Stomatological Society; Thessaloniki; Apr 2010;
- Gjurceski J., Matovska K., Pop Acev S., Stojanoska M., Stavreva N.; Periodontal Anesthesia – Forgotten option or method for everyday use (poster presentation); 6th Dental congress in Macedonia with international contribution; Ohrid, 24-27 May 2012;
- Stavreva N., Mijoska A., Petreski D., FIljanska I., Jurukoska V., Baftijari F. Gjurceski J.; Torus mandibularis – Prosthetic solution (poster presentation); 6th Dental congress in Macedonia with international contribution; Ohrid, 24-27 May 2012.

## 4. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

- Мај 18, 2010 година – Признание од Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје за најдобра студент дипломиран во учебната 2008/09 година, дипломиран со просечна оценка – 9,91, во регуларни временски граници согласно со Статутот на Стоматолошки факултет – Скопје;
- Ноември 12, 2009 година– Благодарница доделена од Стоматолошки факултет за постигнат успех за време на студиите и дипломирање со највисок просек во учебната година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложената анализа на биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручната, научната и научно-истражувачката работа на Јордан Ѓурчески, како и од самиот преглед на изработените, рецензираните и објавени трудови, се гледа исклучително плоден наставен, научно - стручен и педагошки развој на кандидатот.

Врз основа на претходно наведеното, Рецензентската комисија има особено задоволство и чест да му предложи на Наставно – научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, да го избере Јордан Ѓурчески за соработник во соработничко звање **АСИСТЕНТ** од областа **„Орална хирургија"** (30408 - Фраскатиева класификација).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. проф. д-р Енис Рецеп – претседател

_______________________________

2. проф. д-р Даниела Велеска Стефковска - член

_______________________________

3. доц. д-р Ана Белазелковска Грежловска – член

_______________________________